# Реформа на безбедносниот сектор и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за РБС?

Како може родот да се вклучи во РБС?

Постконфликтни предизвици и можности

Родови прашања што треба да се земат предвид при РБС

Повеќе информации

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како “Toolkit on Gender and Security Sector Reform” од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз оружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во РБС, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС**. Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во Повеќе информации.

## Зошто родот е важен за РБС?

**Реформата на безбедносниот сектор** значи трансформација на безбедносниот сектор/систем „која ги опфаќа сите актери, нивните улоги, одговорности и активности – кои работат заедно на управувањето на системот и на неговото функционирање на начин што е поконзистентен со демократските норми и здравите принципи на добро владеење и така придонесуваат за безбедносна рамка која функционира добро“ . Безбедносниот сектор/систем ги опфаќа оружените сили, полицијата и службите за разузнавање и за управување со границата, телата за надзор, какви што се парламентот и владата, правосудниот и казнениот систем, вонинституционалните безбедносни сили и групи на граѓанското општество.

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род“ се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол“ се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

Вклучувањето на родовите прашања во процесите на РБС и во институциите од безбедносниот сектор ги подобрува:

### Домашна сопственост

Легитимна и одржлива РБС е заснована на домашни и партиципативни процеси.

- Процес на РБС кој е родово одговорен ги зема предвид различните безбедносни потреби и приоритети така што се консултира со мажи и со жени од различни општествени групи.
- Женските организации на граѓанското општество (ОГО) можат да послужат како клучен мост помеѓу локалните заедници и креаторите на безбедносната политика, тие ја зацврстуваат домашната сопственост пренесувајќи ги безбедносните и правосудните потреби до креаторите на политики и подигајќи ја свеста за РБС во локалните заедници.

### Пружање безбедносни и правосудни услуги

Една од главните цели на РБС е да се подобри пружањето услуги во секторите на безбедноста и правосудството. РБС која е родово одговорна го зајакнува пружањето услуги така што:

- Создава институции од безбедносниот сектор кои се порепрезентативни – т.е. институции со разновиден состав на кадарот кој ја отсликува популацијата што ја опслужува. Особено се смета дека зголеменото регрутирање, задржување и

| Пример 1 | Постконфликтни правосудни механизми во Сиера Леоне: ефикасен одговор на сексуалните кривични дела |
| --- | --- |

Проценето е дека повеќе од 250000 жени биле силувани за време на еднодецениската граѓанска војна во Сиера Леоне. По војната беше применета комбинација од правосудни механизми кои вклучуваа Специјален суд за Сиера Леоне, Комисија за вистина и помирување и традиционални правосудни механизми. Многу позитивни чекори беа преземени од Специјалниот суд за да се обезбеди соодветен одговор на сексуалните кривични дела:

- Усвојување широка дефиниција за сексуално насилство која вклучува „силување, сексуално ропство, принудна проституција, принудна бременост и каква било друга форма на сексуално насилство".
- Посебно определување адвокат да разработи план за судско гонење за сексуални кривични дела.
- Назначување две искусни истражителки (од тим од 10) да ги истражуваат сексуалните кривични дела.
- Примена на родово одговорен метод за интервјуирање за да се обезбеди жртвите да се чувствуваат слободно кога го пријавуваат делото.
- Потенцирање на подготовката на сведоците со цел да се обезбеди дека сведоците ги разбираат импликациите од сведочењето.

Иако е премногу рано да се извлечат конечни заклучоци во врска со успехот со кој Специјалниот суд се справи со сексуалното насилство, првите пресуди на Судот (донесени на 20 јуни 2007 година) вклучуваат и осуди за силување како злосторство против човештвото и сексуално ропство.

напредок на жените во безбедносните служби и во телата за надзор е неопходно за институциите да бидат од доверба, одговорни и ефикасни.

- Ги подобрува спречувањето и одговорот на безбедносните служби на родовото насилство (РН) (види Пример 1). РН е насилство засновано на родовите разлики, а такви се семејното насилство, сексуалниот напад, трговија со луѓе и насилство насочено против хомосексуалците. Глобално, една од секои три жени е жртва на РН, што го прави една од најголемите закани за безбедноста на луѓето . Мажите и момчињата исто така се жртви на РН и можат да се соочат со уште поголеми препреки при пријавувањето и барањето правда отколку жените.
- Ја подобрува соработката меѓу институциите од безбедносниот сектор и ОГО вклучувајќи ги женските групи. ОГО можат да обезбедат комплементарни безбедносни и правосудни услуги и да помогнат во градењето на капацитетот на институциите од безбедносниот сектор преку обука, истражување и давање експертски совет за родовите прашања.

### Надзор и одговорност на безбедносниот сектор

Клучна цел на РБС е да ги реформира институциите од безбедносниот сектор така што тие ќе станат транспарентни; ќе ги почитуваат владеењето на правото и човековите права; и ќе бидат одговорни пред демократските граѓански власти, какви што се парламентот и правосудниот систем. Родово одговорна РБС ги зајакнува надзорот и одговорноста преку:

- Зголемено учество на жени, на експерти по родови прашања и на организации на жените во официјалните тела за надзор и во процесите (види Пример 2).
- Родово одговорни иницијативи за спречување, одговор и казнување на кршењето на човековите права од страна на кадарот од безбедносниот сектор.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Преземањето иницијатива за вклучување на родовите прашања во РБС не е само прашање на оперативна ефикасност; тоа е исто така неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Пекиншката Декларација и Платформа за акција (1995)*
- *Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста (2000)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

## Како може родот да се вклучи во РБС?

Две комплементарни стратегии можат да бидат употребени за да се вклучат родовите прашања во политиката и програмата за РБС:

- ✓ Вклучување на родот во сите текови подразбира утврдување на влијанието на сите политики и програми од РБС врз жените, мажите, момчињата и девојчињата во секоја фаза од циклусот на политиката и програмата вклувајќи ги проценката, планирањето, спроведувањето, набљудување и оценката.
- ✓ Промовирање на еднаквото учество на мажите и жените: со оглед на тоа дека мажите се премногу застапени во процесите на РБС и во безбедносните институции, потребна е активност за да се зголеми регрутирањето, задржувањето и напредувањето на жените и да се обезбеди учество на ОГО, вклучувајќи ги организациите на жените.

### ! Совети за родово одговорна РБС политика

*Вклучување на родот во сите текови*

- ✓ Вклучете експерти по родови прашања – како на пример претставници од министерствата за прашања на жените, парламентарци со родови експертски знаења и експерти од ОГО – при креирањето на политиката за РБС.
- ✓ Подигнете ги родовата свест и капацитет на тимот (тимовите) одговорни за изготвување, спроведување и оценка на политиката за РБС (на пример преку родови обуки или брифинзи).
- ✓ Идентификувајте ги и мобилизирајте ги „поборниците за родови прашања"–т.е. одлучувачите од повисоки нивоа кои го поддржуваат вклучувањето на родовите прашања.
- ✓ Спроведете проценка за влијанието на предложената политика за РБС врз родот и следете го и оценете го влијанието на политиката врз мажите, жените, девојчињата и момчињата.

*Еднакво учество на мажите и жените*

- ✓ Осигурете се дека РБС е заснована врз партиципативен процес на консултации кој ги опфаќа и претставниците на граѓанското општество од организациите на жените и на мажите.
- ✓ Обезбедете учество и на жени и на мажи во тимовите одговорни за проценка, изготвување, спроведување, набљудување и оценка на политиките за РБС.

| Пример 2 | Учество на организациите на жените во ревизијата на безбедноста и одбраната на Фиџи[4] |
| --- | --- |

На Фиџи, невладините организации на жените, работејќи со Министерството за прашања на жените, дадоа придонес во процесот на ревизија на националната безбедност и одбрана во 2003 година. Тие се сретнаа со владиниот Комитет за ревизија на националната безбедност и одбрана за да дискутираат за тоа:

- Како се спроведуваше процесот на ревизија
- Кој беше консултиран
- Кои прашања беа идентификувани како закани за безбедноста
- Како меѓународните стандарди и норми, како на пример Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН, беа инкорпорирани во програмите за безбедност.

Организациите на жените дадоа конкретни препораки како на пример назначување на министерот за жени за постојан член на Советот за национална безбедност и застапеност на жените во безбедносните комитети на сите нивоа.

## Совети за осмислување родово одговорна програма за РБС

*„Важно е да се сфати улогата на жените кога се гради стабилност во некоја област... Ако жените се оние кои секојдневно заработуваат и обезбедуваат храна и вода за нивните семејства, тогаш патролирањето во областите во кои работат жените ќе ја зголеми безбедноста и ќе им овозможи да продолжат. Ова е тактичка проценка... Да се создадат услови за функционален секојдневен живот е витално од безбедносна гледна точка. Тоа обезбедува основа за стабилност.“*

Бригадир Карл Енгелбректсон,
командант на силите во Нордискиот баталјон[5]

Родовите прашања исто така треба да бидат опфатени со рамката за осмислување програма за РБС:

- **Цели**: Дали целите вклучуваат подобрено пружање безбедносни и правосудни услуги на мажите, жените, девојчињата и момчињата? Институции кои се порепрезентативни и попартиципативни? Зголемена одговорност и намалено кршење на човековите права?
- **Корисници**: Дали корисниците на РБС се јасно идентификувани? Дали жените, девојчињата и маргинализираните мажи и момчиња се вклучени?
- **Активности**: Дали се опфатени иницијативи со кои ќе се одговори на посебните безбедносни потреби на жените и девојчињата, како и на маргинализираните мажи и момчиња? Дали има активности за зголемување на учеството на жените и на другите премалку застапени групи во институциите од безбедносниот сектор? Кои иницијативи се однесуваат на кршењето на човековите права од страна на кадарот од безбедносниот сектор?
- **Резултати**: Дали специфични резултати се насочени кон жените, мажите, девојчињата и момчињата? Дали има резултати кои се насочени кон спречување, одговор и казнување на РН и кон зголемување на регрутирањето, задржувањето и напредувањето на жените во безбедносните и правосудните институции?
- **Индикатори**: Постојат ли специфични индикатори преку кои ќе се следат целите врзани за родот и влијанието на родовите активности? Дали индикаторите се распределени според пол?
- **Буџет**: Дали посебни средства се издвоени за родовите цели, активности и резултати?
- **Партнери**: Дали организациите на жените и на мажите и организациите кои работат на родови прашања се вклучени како потенцијални партнери? Дали идентификуваните партнери имаат посветеност и капацитет за да работат на родово одговорен начин? Дали одговорностите и очекувањата во поглед на родот се јасно изнесени во документите, спогодбите и договорите од програмата?

**Исто така достапно во Алатка 1...**
- Прашања за проценка на влијанието на безбедносната политика врз родот
- Совети за вклучување на родот во проценката, осмислувањето, примената, набљудувањето и оценката на РБС
- Процес за проценка дали институциите надлежни за спроведување на законот го зголемуваат регрутирањето и задржувањето на жените.
- Примери за добри практики од реформските процеси во Бразил, Демократска Република Конго, Унгарија, Сиера Леоне, Јужноафриканската Република, Шведска и Велика Британија

## Постконфликтни предизвици и можности

Во постконфликтните средини, РБС е од суштинско значење за спречување на повторното појавување на конфликтот и за подобрување на јавната безбедност, што пак е неопходно за да се започнат активности за обнова и развој. Иако секој контекст е уникатен, постојат специфични предизвици и можности за вклучување на родовите прашања во постконфликтна РБС:

**Предизвици при вклучувањето на родовите прашања**

- Процесите за разоружување, демобилизација и реинтеграција (РДР) честопати не успеваат да ги вклучат жените и девојчињата.
- Притисокот за брза обнова на институциите од безбедносниот сектор може да резултира со недоволно давање предност на родовите прашања при регрутирањето, обуката и логистиката.
- Недостигот од инфраструктура и капацитет може да го попречи пристапот на жените до правдата.
- Граѓаните често немаат доверба во институциите од безбедносниот сектор поради претходните злоупотреби на човековите права, со што можноста за регрутирање жени станува потешка.

| Пример 3 | Модернизација на полициските сили во Никарагва [6] |
|---|---|

Модернизацијата на Националните полициски сили на Никарагва ги покажува придобивките од иницијативите за вклучување на родот во главните текови и за зголемено учество на жените. Родова реформа со широк опфат на никарагванската полиција беше започната во 1990-те како резултат на притисокот од никарагванското движење на жените и од жените во полицијата. Како дел од еден проект поддржан од Организацијата за развој од Германија (ГТЗ), беа преземени специфични иницијативи кои вклучуваа:
- Обука за РН во полициските академии
- Женски полициски станици кои обезбедуваа низа услуги за жените и децата жртви на насилство, во партнерство со ОГО
- Реформа на критериумите за регрутирање така што се вклучи физичка обука специфична за жените и се прилагодија барањата за височина и за физички вежби за жените
- Политики кои им овозможуваа на полицајците да ги комбинираат работата и семејниот живот
- Основање на Consejo Consultivo de Género како форум за дискусија и истражување на условите за работи на жените полицајци.

Денес, 26% од никарагванските полицајци се жени, што е најголема застапеност на полицајки во светот. Никарагванската полиција се опишува како „најпријателски расположена“ во регионот и и се честита на успешните иницијативи за справување со сексуалното насилство. Реформите исто така и помогнаа на полицијата да се здобие со легитимност и кредибилитет во очите на јавноста: при неодамнешното „рангирање според имиџ“ на никарагванските институции, полицијата се најде на второ место, далеку пред католичката црква.

**Можности за вклучувањето на родовите прашања**

- Сеопфатната реформа на институциите од безбедносниот сектор создава можности за ревидирање на безбедносните политики и протоколи од аспект на родовата одговорност; проверка на кадарот од аспект на кршење на човековите права вклучувајќи РН; обезбедување родов тренинг за новиот кадар; и поставување јасни цели за регрутирање и задржување на жените.
- Процесите на РДР можат да бидат потенцијални влезни точки за осврт кон родовите прашања – т.е. преку обезбедување обука за спречување на РН за поранешните борци – мажи.
- Флуидноста на родовите улоги за време на оружен конфликт може да го олесни зголеменото регрутирање на жените, вклучувајќи ги и поранешните борци – жени, во оружените сили и зголемено учество на жените во јавното одлучување.
- Организациите на жените вклучени во враќањето на мирот и во безбедноста на ниво на заедници можат да бидат силни партнери за вклучување на родовите прашања во процесите на РБС.
- Меѓународните институции и донатори можат да обезбедат средства за поддршка на родово одговорните процеси на РБС.

## Родови прашања за проценка на РБС

Родот може да биде вклучен во различни типови процеси за проценка, набљудување и оценка на РБС со цел да се зголеми нивната точност и релевантност. Меѓу клучните прашања што треба да се поставаат спаѓаат:

- Кои се посебните безбедносни потреби, перцепции и приоритети за мажите, жените, девојчињата и момчињата?
- Дали жените, мажите, момчињата и девојчињата имаат можност за пристап до правосудните и безбедносните услуги?
- Дали безбедносната легислатива, политики и протоколи се родово одговорни? Има ли соодветна легислатива против РН? Дали внатрешните кодекси на однесување и политики против сексуално вознемирување се применети и се набљудуваат?
- Дали има соодветни средства и програми за спречување, справување и санкционирање на РН?
- Дали кадарот од безбедносниот сектор има капацитет да ги вклучи родовите прашања во својата секојдневна работа? Дали им е обезбедена соодветна родова обука?
- Колку мажи и жени работат во институциите од безбедносниот сектор, на какви позиции и на кое ниво на одговорност?
- Каква е работна средина во институциите од безбедносниот сектор? Дали има проблеми со сексуално вознемирување и други кршења на човековите права?
- Дали телата за надзор врз безбедносниот сектор вклучуваат жени, се консултираат со организациите на жените и го следат РН?
- Какви родово одговорни безбедносни и правосудни иницијативи веќе постојат на локално и на национално ниво?
- Кои ОГО веќе работат на прашањата на родот и безбедноста и како можат да се поддржат овие иницијативи?

### Повеќе информации

**Извори**


Anderlini, S.N. with Conaway, C.P. – ‘Security Sector Reform‘, ***Inclusive Security, Sustainable Peace: A Toolkit for Advocacy and Action,*** 2004.

Nathan, L. – ***Local Ownership of Security Sector Reform: A Guide for Donors,*** 2006.

Valasek, K. – ‘Gender and Democratic Security Governance’, ***Handbook for Civil Society Organisations on Public Oversight of the Security Sector,*** UNDP & DCAF (Forthcoming July 2008).

GTZ – ***Gender and Citizen Security: Regional Training Module - Basic Text, Methodological Guide, Support Materials,*** 2005.

OECD DAC – ***OECD DAC Handbook on Security System Reform: Supporting Security and Justice,*** 2007.


**Организации**

Centre for Security Sector Management – www.ssronline.org

DCAF: Gender and SSR Project – www.dcaf.ch/gender-security-sector-reform

Global Facilitation Network for SSR – www.ssrnetwork.net

OSCE/ODIHR – www.osce.org/odihr

UNIFEM Portal on Women, Peace and Security - www.womenwarpeace.org

UN-INSTRAW: Gender and SSR – www.un-instraw.org/en/gps/general/gender-and-security-sector-reform-5.html

WILPF: PeaceWomen – www.peacewomen.org

**Збирка алатки за родот и РБС**

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.

**Оваа Практична белешка беше подготвена од Мугихо Такешита од DCAF, врз основа на Алатка 1 чија авторка е Кристин Валасек од DCAF.**

[1]OECD DAC, Security System Reform and Governance, DAC Guidelines and Reference Series, (OECD: Paris), p. 20. http://www.oecd.org/dataoecd/8/39/31785288.pdf
[2]UNIFEM, Not a Minute More: Ending Violence Against Women, (UNIFEM: New York), 2003, p. 8.
[3]Bastick, M., Grimm, K. and Kunz, R., Sexual Violence in Armed Conflict: Global Overview and Implications for the Security Sector, (DCAF: Geneva), 2007, p.159.
[4]Anderlini, S.N. with Conaway, C.P., ‘Security Sector Reform’, in Inclusive Security, Sustainable Peace: a Toolkit for Advocacy and Action, International Alert and Initiative for Inclusive Security, 2004, p. 37.
[5]Engelbrektson, K., ‘Resolution 1325 increases efficiency’, Good and Bad Examples: Lessons Learned form Working with United Nations Resolution 1325 in International Missions (Genderforce: Uppsala), 2007, p.29.
[6]Funk, A., Lang, J. L. and Osterhaus, J., Ending Violence Against Women and Girls – Protecting Human Rights: Good Practices for Development Cooperation, (GTZ: Eschborn), 2007, pp. 47-48, cited in: Bastick, M., Grimm, K. and Kunz, R. Sexual Violence in Armed Conflict: Global Overview and Implications for the Security Sector, (DCAF: Geneva), 2007, pp. 150-151.